**20241803168**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 49 став (3) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.14/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29 август 2024 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ВОЗДУШНИОТ СООБРАЌАЈ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ДОМАШНИ И СТРАНСКИ ПРЕВОЗНИЦИ ЗА ПЕРИОДОТ 2025-2027 ГОДИНА

1. Со оваа програма се определуваат средствата потребни за доделување финансиска поддршка за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија на домашни и странски превозници заради побрз развој на цивилното воздухопловство и формирање на поконкурентни и подостапни цени во воздушниот сообраќај за периодот од 1.1.2025 година заклучно со 31.12.2027 година во вкупен износ од 375.000.000,00 (триста седумдесет и пет милиони) денари.

2. Финансиската поддршка од точка 1 од оваа програма се доделува согласно намените утврдени во член 49 став (1) од Законот за воздухопловство.

3. Определувањето на финансиската поддршка од точка 1 од оваа програма се врши на начин и според критериуми утврдени согласно прописот од член 49 став (5) од Законот за воздухопловство.

4. Средствата од точка 1 од оваа програма за 2025 година ќе се обезбедат во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, раздел 130.01 – Министерство за транспорт, потпрограма 20 – Сообраќај и комуникации, ставка 464 – разни трансфери во износ од 125.000.000,00 (сто дваесет и пет милиони) денари.

5. Проектираните средства од точка 1 од оваа програма за 2026 година во износ од 125.000.000,00 (сто дваесет и пет милиони) денари ќе се обезбедат во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година.

6. Проектираните средства од точка 1 од оваа програма за 2027 година во износ од 125.000.000,00 (сто дваесет и пет милиони) денари ќе се обезбедат во Буџетот на Република Северна Македонија за 2027 година.

7. За спроведувањето на оваа програма ќе се грижи Министерството за транспорт.

8. Склучените договори за финансиска поддршка до денот на отпочнувањето на примената на оваа програма, ќе продолжат да се реализираат согласно преземените обврски од средствата од точка 4 од оваа програма.

9. Со денот на отпочнувањето на примената на оваа програма престанува да важи Програмата за определување средства потребни за доделување финансиска поддршка за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија на домашни и странски превозници за периодот од 2023 до 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.249/22).

10. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2025 година.

Бр. 41-7730/5
29 август 2024 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Александар Николоски,** с.р.